# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2020

**ФЕВРУАРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **5**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 2 работни односи | 0 образование | 0 социјална сигурност |
| 1 здравство | 1 пристап до добра и услуги | 0 домување |
| 1 медиуми | 0 избирачки права | 0 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **3**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 3 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ 0

Активности на здрж. на граѓани 1

## Карактеристики на жртвата:

| | |
|---|---|
| род | 0% |
| родов идентитет | 0% |
| пол | 40% |
| сексуална ориентација | 0% |
| етничка припадност | 20% |
| попреченост | 20% |
| корисници на дроги | 20% |
| друго | 20% |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 1 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 5 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 0 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ФЕВРУАРИ 2020

### СЛУЧАЈ:

Во текот на месец февруари, Хелсиншкиот комитет регистрираше случај пријавен од студент кој бил дискриминиран од страна на контролори во јавниот превоз во Скопје, врз основа на неговата етничка припадност и боја на кожа.

Во конкретниов случај станува збор за студент, припадник на ромската етничка заедница, кој бил вербално вознемируван од страна на сопатник во автобусот во кој се возеле. Контролорите вработени во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, присутни на настанот, веднаш потоа го издвоиле студентот од останатите патници и му побарале да го покаже билетот. И покрај тоа што студентот го покажал билетот и им потенцирал на службениците дека таквото однесување е дискриминаторско, тие го исфрлиле од автобусот. Притоа, надвор продолжиле да му се заканувaат со навреди врз основа на неговата етничка припадност и бојата на кожа.

Таквото однесување го доведува студентот во понеповолна положба за разлика оддругите патници во авотобусот од страна на контролорите на јавното сообраќајно претпријатие. За конкретниот случај, Хелсиншкиот комитет ги извести надлежните институции кои се должни да ги елиминираат сите форми на дискриминација, а беше поднесена и соодветна кривична пријава против Н. Н. лица вработени во ЈСП Скопје.

### СУДСКА ПРАКСА:

Европскиот суд за човекови права во случајот Чинта против Романија утврди повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција за човекови права, во врска со член 8 став 1 (почитување на приватниот и семејниот живот).

Во конкретниов случај, романските судови го ограничиле правото на жалителот да остварува контакти со неговата четиригодишна ќерка, додека траела судската постапка за развод на бракот и одлучување за старателство. Жалителот навел дека неговата ментална здравствена состојба играла значајна улога во одредувањето на тие ограничувања, иако не било докажано дека истата претставува закана за добросостојбата на неговата ќерка.

Судот утврдил дека судовите не успеале објективно да ги оправдаат причините за ваквите ограничувања. Оттаму, Судот сметал дека жалителот претрпел различен третман во однос на другите родители кои непречено остваруваат контакт со децата со кои не живеат.

[1] Cînța v. Romania (application no. 3891/19)

### РЕСУРСИ:


1. Мисијата на ОБСЕ во Скопје „Водич за соодветно приспособување" –

https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/446749?download=true

2. Еквинет „Идната стратегија за родова еднаквост"-

https://equineteurope.org/wp-content/uploads/2020/02/policy_brief_gender_strategy-1.pdf

3. Комитет за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените „75та сесија од 10ти до 28ти февруари 2020 година – Извештај" –

https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/SessionDetails1.aspx?SessionID=1380&Lang=en

4. Групација за миграциона политика „Политики за вклучување на мигрантите во здравствениот систем" –

https://www.migpolgroup.com/wp-content/uploads/2020/03/Analysis-health_final_pdf.pdf

5. Македонско здружение на млади правници „Младите правници наспроти Уставниот суд" –

http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/02/Младите-правници-наспорти-Уставниот-суд-Шкариќ.pdf

6. Блупринт група за реформи во правосудството „Потребно е свикување на подготвителна седница или јавна расправа во Уставниот суд на која експертската јавност би имала можност да даде своја правна аргументација за Законот за спречување и заштита од дискриминација" –

https://mhc.org.mk/news/bluprint-grupa-potrebno-e-svikuvanje-na-podgotvitelna-sednica-ili-javna-rasprava-vo-ustavniot-sud-na-koja-ekspertskata-javnost-bi-imala-mozhnost-da-dade-svoja-pravna-argumentacija-za-zakonot-za-sprec/


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**